РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-426/5
15-07-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20 – та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со бр. 09-38/1 од 04.01.2024 година, оформен против службеното лице проф. д-р --------------------, заменик директор на Институтот за --------------- при Универзитетот „----------------- " Скопје, СЕ ЗАПИРА.

СЕ КОНСТАТИРА дека службеното лице проф. д-р ----------------- има извршено уплата на пропишаната глоба по издадениот прекршочен платен налог за констатиран прекршок согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДА СЕ ПОДНЕСЕ Иницијатива до Научниот совет на Институтот за -------------- при Универзитетот „ ------------------- " -------------- за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице проф. д-р ------------------, заменик директор на Институтот за ---------------------- при Универзитетот „ -------------- " -------------, за сторена повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупција од страна на Државниот инспекторат за земјоделство на РСМ, доставено е Известување и барање мислење бр.09-38/1 од 04.01.2024 година со кое се бара мислење за тоа дали постои судир на интереси во работењето и активностите на проф. д-р ---------------- во деловните односи помеѓу правното лице ДТУ ------------ ДОО Скопје, Македонската ----------- федерација и Институтот за ------------- при Универзитетот „ --------------- “ ---------.
Имено, во дописот од Државниот инспекторат за -----------, ја информираат ДКСК дека од нивна страна извршен е вондреден инспекциски надзор во просториите на правното лице ДТУ -------------- ДОО Скопје, регистриран рибник со мрестилиште и репроцентар со што е составен Записник за извршениот инспекциски надзор бр. 13-15-201 од 15.11.2023 година и издадено Решение наредба бр. 13-15-201 од 15.11.2023 година за доставување на документација бидејќи истата не била достапна на увид на рибникот и репроцентарот. Согласно Тековната состојба од Централниот регистар на РСМ за ДТУ --------------- ДОО Скопје, кософственик е лицето --------------- ( тип на сопственик: основач / сосптвеник ), сопруга на лицето ----------------, кој пак од друга страна е редовно вработен во У----------- Институтот за ----------------- Скопје, како научник и редовен универзитетски професор, токму во делот на рибарство и аквакултурата, Заменик директор на Институтот за --------------- Скопје, а во ДТУ ------------- ДОО Скопје е дополнително ангажиран, односно вработен. Лицето ------------- е поранешен претседател на Македонската ------------- федерација Скопје ( во два мандата ) а во моментот на поднесувањето на дописот ја извршува функцијата Генерален секретар на федерацијата и е член на Управниот одбор. Од увидот во документацијата на ------------- и репроцентарот ДТУ ------------ ДОО Скопје, овој правен субјект со порибителен материјал со риболовните здруженија кои се концесионери на риболовните води ширум Република Северна Македонија има склучено договори за порибување со порибителен материјал од видот пастрмка и крап кој се произведува во рибникот. Понатаму, од увидот во фактурите на ДТУ --------------- ДОО Скопје од страна на Државниот инспекторат за ---------------- утврдено е дека Македонската ------------- федерација каде лицето ---------------- е Генерален секретар на федерацијата и е член на Управниот одбор се појавува како порибувач на

риболовните води, односно купува порибителен материјал од ДТУ --------- ДОО Скопје.

ДКСК до Државниот инспекторат за земјоделство достави допис со кој ги информира дека во врска со Извстувањето и барањето мислење доставено од нивна страна ќе биде третиран како постапка за утврдување постоење судир на интереси и ќе биде оформен предмет против службеното лице --------------- за утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, исто така ДКСК во дописот бара да се достави Записникот од извршениот вондреден инспекциски надзор во ДТУ --------------- ДОО Скопје и дополнителна документација доколку имаат.

Понатаму, ДКСК до Институтот за ------------- достави Барање за доставување на податоци и информации а во врска со службеното лице ----------------.

Од страна на Институтот за ----------------, доставена е целокупната документација и податоци и тоа: Договор за вработување бр.04-376/9 од 17.05.2017 година на Универзитет Св. ---------------- во Скопје и бр. 0402-806/21 од 30.12.2016 во Институтот за --------------, согласност за професор д-р -------------- за остварување на дополнително работење во -------------- ДООЕЛ Скопје бр. 0308-219/1 од 06.05.2024 година, договор помеѓу У----------- Институт за --------------- и ДТУ -------------- ДОО Скопје бр. 0307-732 од 13.12.2016 год, договор за деловна техничка соработка помеѓу У---------- Институт за --------------- – Скопје и ДТУ --------------- ДОО Скопје бр. 0307-64 од 30.01.2019 година, согласно сметководствената евиденција на У--------- Институтот за ------------- – Скопје, со --------------- како деловен партнер ги имал следните деловни односи:

1. -------------- ДОО набавил од Институтот, поточна (македонска) ------------ во количина од 100 кг, на износ од 120.000,00 денари со вклучен ДДВ (фактура бр. 40/2017 од 10.04.2017 година)
2. ----------------- ДОО набавил од Институтот, матици од македонска ------------- во количина од 85 кг на износ од 29.750,00 денари со вклучен ДДВ ( фактура бр. 41/2017 од 10.04.2017 година)
3. Институтот за с-------------- набавил храна за ------------ од -------------- ДОО во вредност од 23.100,00 денари со вклучен ДДВ (фактура бр. 0000001520 од 15.04.2020 година)
4. Институтот за ------------- набавиал храна за ------------- од ------------- ДОО во вредност од 70.035,00 денари ( Фактура бр. 2017 од 19.04.2022 година).

Од останатата соработка, Институтот со ------------ ДОО Скопје, соработува во делот на реализација на експериментални истражувања за изработка на магистерски теми

и докторски дисертации, за студенти запишани на студиски програми од втор и трет циклус, организирани од страна на Институтот, во областа на ---------------. Објектите на овој деловен партнер се ползуваат како опитен центар на Институтот, без паричен надомест. У------------ Институт за ------------- соработувал и со други регистрирани мрестилишта и рибарници на РСМ и тоа ---------- 2012 од Охрид, ----------- Дошница , Неготино.

Согласно доставената документација професор д-р ------------ има добиено согласнот за кое му се одобрени 10 часа неделно од Институтот за ------------- за остварување на дополнително работење бр. 0308-249/1 од 06.05.2019 година.

Договор со ------------------- е склучен со Институтот со управител на друштвото ---------------, каде што неговата сопруга --------------- се јавува како еден од сопствениците на друштвото.

Во Спортско ----------------- еколошки клуб на ихтиози -------------- Скопје, професор д-р --------------- се јавува како сопственик додека неговата сопруга е управител.

Согласно горенаведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето ---------- сторен е прекршок согласно член 75 од Законот за спречување на корпција и судирот на интереси што претставува прекршок казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корпција и судирот на интереси, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) до лицето достави Записник за констатиран прекршок бр.09-426/1 и Прекршочен платен налог бр.09-426/2 од 28.01.2025 година и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог.

Во законски предвидениот рок лицето ----------- ја има извршено уплата на глобата во износ од 15,500.00 денари со што достави доказ копија од ПП 50 уплатница. Исто така во дописот лицето --------------- достави копија од Барање за изземање од склучениот договор за деловно техничка соработка бр.0307-64 од 30.01.2019 година, или негово раскинување доставено до У---------- Институт за ------------ БР. 09-84 од 10.02.2025 година.

Врз основа на наведеното, имајќи предвид дека во врска со постапувањето на службеното лице проф. д-р --------------- е констатирано дека се нашол во состојба на судир на интереси, ДКСК согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ќе достави Иницијатива за утврдување на одговорност до Научниот совет на Институтот за ------------- при Универзитетот „ ---------------- “ ------------ како надлежен орган за неговото именување.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk